Република Северна Македонија
Општина Ѓорче Петров
Бр. 02-527/8
31 03 2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 24 став 1 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 8/23), Годишната програма за активностите на Општина Ѓорче Петров за поддршка на градоначалникот за 2026 година („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" број 18/25) и Одлука за субвенционирање на дел од трошоците направени за обука за полагање на возачки испит од „Б"категорија („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" број 02/26), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров објавува

# ЈАВЕН ПОВИК бр. 01

## за субвенционирање на дел од трошоците направени за обука за полагање на возачки испит од „Б"категорија за 2026 година

1. **Предмет на јавниот повик**

1.1. Предмет на јавниот повик е доделување на финансиски средства на млади граѓани жители на Општина Ѓорче Петров, наменети за субвенционирање на дел од трошоците направени за обука за полагање на возачки испит од **„Б" категорија** во 2026 година.

1.2. Средствата што Општина Ѓорче Петров ги субвенционира се во износ од **10.000,00 денари по лице**. Данокот на личен доход по основ на доделената субвенција паѓа на товар на Општина Ѓорче Петров.

1.3. Во буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2026 година се предвидени **вкупно 2.300.000,00 денари** за реализација на предметот на овој Јавен повик.

1.4. Јавниот повик трае заклучно со **30.11.2026 година** или до исцрпување на предвидените финансиски средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за оваа намена.

1.5. Доколку сите предвидени финансиски средства од буџетот на Општина Ѓорче Петров за оваа намена, се исцрпат пред истекот на крајниот рок, Општина Ѓорче Петров на својата веб-страна ќе ја информира јавноста

дека Јавниот повик се прекинува пред истекот на периодот за кој е објавен. По завршување на евалуацијата на пристигнатите барања и доколку има преостанати средства, Јавниот повик ќе продолжи со важност сè до исцрпување на средствата, со повторно известување на јавноста преку веб-страната на Општината.

1.6. Јавниот повик ќе се реализира по редослед на аплицирање, односно по дата и време на аплицирање, по принципот „прв дојден – прв услужен“.

1.7. Пристигнатите барања (апликации) во архивата на Општина Ѓорче Петров ќе бидат евидентирани со точно време на поднесување (датум, час и минута) и ќе добијат индивидуален код/шифра под кој ќе се води предметот на барателот. Овие шифри ќе се користат и за објавување на резултатите, со цел да бидат заштитени личните податоци на сите баратели/апликанти. Апликациите ќе бидат разгледувани според датумот и времето на пристигнувањето.

## 2. Право на учество на Јавниот повик

### 2.1. Барателот треба да ги исполни следниве услови:

- Да е жител на територија на Општина Ѓорче Петров, со приложена важечка лична карта
- Да е на возраст од 18 до 25 години (**на денот на аплицирање да го има исполнето овој услов**)
- Да е целосно платен износот за обуката за полагањето на возачки испит од „Б“ категорија во 2026 година, во моментот на поднесување на апликацијата
- Обуката да е реализирана/се реализира во авто школа со седиште на територија на Град Скопје. (**доказ копија од тековна состојба не постара од 6 месеци**)
- Правото на користење на субвенцијата е еднократно.

## 3. Начин на пријавување на Јавниот повик

3.1. За надоместување на дел од трошоците направени за обука за полагање на возачки испит од „Б“категорија за 2026 година и докажување дека условите за учество на Јавниот повик се исполнети, барателот е должен да ја поднесе следната документација:

- Потполнето барање/Образец за субвенционирање на дел од трошоците за обука за полагање на возачки испит од „Б" категорија за 2026 година, објавен на интернет страницата на Општина Ѓорче Петров: https://opstinagpetrov.gov.mk/
- Копија од важечка лична карта за утврдување на адреса на место на живеење на барателот на територија на Општина Ѓорче Петров
- Копија од трансакциска сметка на име на подносителот на барањето
- Доказ дека трошоците се целосно платени со приложување на копија од фискална сметка или извод од деловна банка, издадена во Република Северна Македонија, во период од 01.01.2026 година, се до во моментот на поднесување на апликацијата
- Доказ дека авто школата е со седиште на територија на Град Скопје (копија од тековна состојба не постара од 6 месеци)

3.2. Потребната документација за аплицирање на Јавниот повик, граѓаните ја доставуваат, во затворен плик со назнака:

**„До Општина Ѓорче Петров – Комисија за субвенционирање на дел од трошоците за обука за полагање на возачки испит од „Б" категорија за 2026 година", број на Јавен повик 01 и назнака „НЕ ОТВАРАЈ"**

Пријавите треба да се достават до Општина Ѓорче Петров по пошта со препорачана пратка на адреса: Општина Ѓорче Петров, ул. Ѓорче Петров бр. 22, Скопје, или да се достават во архивата на Општина Ѓорче Петров од 08.00 часот до 15.00 часот.

## 4. Начин на спроведување на Јавниот повик

4.1. За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиски средства, Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров формира Комисија за спроведување на Јавниот повик за субвенционирање на дел од трошоците за обука за полагање на возачки испит од „Б" категорија за 2026 година. (во понатамошниот текст: Комисија).

4.2. Кога ќе бидат исцрпени предвидените финансиски средства, Општина Ѓорче Петров ќе објави дека Јавниот повик е завршен.

4.3. Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров на предлог на Комисијата донесува поединечно Решение за доделување на финансиски средства за

секој барател кој ги исполнил условите за учество утврдени во точка 2 од овој јавен повик, односно Решение за одбивање на барањето за барателите кои не ги исполнуваат пропишаните услови.

4.4. Барањата кои ќе пристигнат во Општина Ѓорче Петров по 30.11.2026 година или по исцрпување на предвидените финансиски средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за оваа намена, нема да се разгледуваат.

4.5. Добитниците на субвенции ќе бидат електронски објавени на веб-страната на Општина Ѓорче Петров, со кодот/шифрата кој им е доделена при поднесување на барањето/апликацијата.

4.6. Комисијата ги известува кандидатите кои не ги исполнуваат условите за добивање на субвенција предвидени со јавниот повик по електронски пат со објава на веб страната на Општина Ѓорче Петров и по пошта.

**Градоначалник**

**Александар Стојкоски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • Општина Ѓорче Петров • СКОПЈЕ

## Пополнува подносителот на барањето:

Име и презиме: ______________________________

Адреса (улица и број): ______________________________

Бр. на телефон: ______________________________

e-mail: ______________________________

# БАРАЊЕ

**за субвенционирање на дел од трошоците направени за обука за полагање на возачки испит од „Б" категорија за 2026 година**

1. Во врска со Јавниот повик за надоместување на трошоците направени за обука за полагање на возачки испит од „Б" категорија за 2026 година, бр. ____________ од ____________ година, Барам да ми одобрите субвенционирање на дел од трошоците направени за обука за полагање на возачки испит од „Б" категорија за 2026 година.

2. Во прилог доставувам:

- ☐ Копија од важечка личната карта како доказ за жителство на Општина Ѓорче Петров
- ☐ Копија од трансакциска сметка на барателот.
- ☐ Копија од фискална сметка или извод од деловна банка со датум од 01.01.2026 г одина до денот на завршување на Јавниот повик, но не подоцна од 30.11.2026 година.
- ☐ Доказ дека авто школата е со седиште на подрачје на Град Скопје (копија од тековна состојба не постара од 6 месеци).

Датум: ____________________ Подносител на барањето:

Место: ____________________ ____________________

**СОГЛАСНОСТ** за обработка на лични податоци

Јас ______________________________ согласен сум Општина Ѓорче Петров - Скопје, моите лични податоци да ги користи и обработува исклучиво за учество на Јавниот повик.

Согласен: ____________________